# СБОРНИКЪ

ЗА

# НАРОДНИ УМОТВОРЕНИЯ, НАУКА И КНИЖНИНА

ИЗДАВА

МИНИСТЕРСТВОТО НА НАРОДНОТО ПРОСВѢЩЕНИЕ.

**КНИГА VII.**

СОФИЯ
ДЪРЖАВНА ПЕЧАТНИЦА
1892.

Digitized by Google

# II.

# I. Тълкувания на природни явления, разни народни вѣрвания и прокобявания.

## Отъ Велесъ.

Записалъ *Иорданъ Читкушевъ.*

1. Нóкьно врéме не чи́нило да се мóча[1]) пот дж́рво, оти се оградисуело.
2. Кога óтвечер пéіат 'пéтли — кье се мени врéмето.
3. Кога лéтно врéме шчи́пат му́іте — прескажу́еле на дож.
4. Да се брóіат дзвéздите не чи́нило, óти испáгьале тж́ртки[2]).
5. Да се лу́ла прáзна лу́лка не чи́нило, óти дéтето кье го бóлело сж́рдце.
6. Кóга се ми́е мáчка спрéма[3]) и́сток — кье вж́рнело[4]) дож.
7. Áко се нáзгази трóшки[5]) от леп — ослéпуіал чóвек.
8. Ако дéте вж́рти запáлено стáпче не фéлало, óти нóкьта кье се пóмоча.
9. Нáвечер дéте áко си глéда сéнката — нóкьта кье се пóмоча.
10. Кóга и́ма окóлу месечи́ната бéло тж́ркало, би́ло на дож.
11. Кóга вж́рне дож, àко се ди́гаіат мéури, кье вж́рнело у́шче мнóгу.
12. Áко стóело прáзна пи́ростиіа на óгинот — кье бил домáкинот бóрчлиіа.
13. Да се пие зьáано[6]) ви́но не чи́нило — кье зьáало сж́рцето за ви́но.
14. От закопу́енье на мж́ртовец, кóга иде чóвек, не чи́нило да се врáти у ту́гьа ку́кьа, оти тáмо кье се врáтила смжрт.
15. Дéте ако фáкьа си́нжирот на кáтот не фéлало — кье се пóмочало.
16. Кóга прéде жéна, ако и пáдне прéшленьот от врéтеното — кье дóшле гóсти.
17. Кóга прéде дéвоіче, ако и пáдне прéшленьот от врéтеното — кье пж́рднела прет свéкра си.
18. Кóга у нéкоіа ку́кьа кье прóпее кóкошка, не било на áрно — на смжрт. Тáква кóкошка не іа іáдат, а іа дáваіат на нéкоі мáнастир.
19. На заі сж́нце[7]), ако има цж́рвен óблак, кье и́злегло си́лен вéтер.
20. У калéница[8]) пж́лна со вóда, да се глéда сж́нцето, не чи́нило — било на су́ша.
21. Дéте, да си лéгне право по вéчерата, не чи́нило — маіка му кье се стóрила крáва.

---

[1]) Моча = пикае. [2]) Тжртки = пжпки. [3]) Спрема = срещу. [4]) Вжрнело = валило. [5]) Трошки = трохи. [6]) Зіаано наричатъ когато стои нѣщо на открито. [7]) Заі сжнце = на западъ, когато захожда слънцето. [8]) Каленица = паница.

Digitized by Google

22. Дéте ако іаде от кóкошка нóга, кóга кье пи́шуе, кье му се трéсла рáката.

23. На дéте ако му шиіат нéшчо на али́шчата и да му се óблéчени, трéбе в у́ста да има кóнец, оти кье заборáвало мнóгу.

24. Нáвечер, кóга си и́дат говéдата от пáсенье, дéвоіче ако іаде, кье заборáвало мнóгу и не кье мóжело да шáри.

25. Нáвечер, ако буа на нéкоіа ку́кьа бух, не чи́нило — кье се запустила таіа ку́кьа.

26. Напрóлет, кóга сáдат цвéке, не трéбе да се сáди у друг ден, а сáмо у чéтворток — да биде чéтворно.

27. Цвéке, ако се сáди у нéдела, кье го іадат цж́рвци.

28. Кóга крóіат áлишча на нéвеста, ги крóіат у срéда, та да би́дат срéкни.

29. Мóмче или дéвоіче ако грéбат тéнжеринья не чи́нило — кье им вж́рнело на свáдбата.

30. Кóга на маж се влéче пóіасот — женáта му глéдала по ту́ги мáжи.

31. На жéна кóга се пропу́шча вж́рвца от скутáлето[1]) — мáжот и глéдал по ту́ги жéни.

32. Кóга іаде чóвек, ако си уáпе іáзикот — кье іал ри́ба.

33. Кóга и́грае на чóвек дéсното око би́ло на áрно, а кога лéвото — на лóшо.

34. Ако на чóвек зáстане кóнска му́а — кье му дóшло áбер от нéкаде.

35. Кóга óди чóвек насáбаіле пóле и ако не е іал ни́шчо, да чуе кукáвица — кье го прóбила.

36. Дéте, шчо óди, ако зéме да лáзи — кье дóшле гóсти.

37. Со сéвте кóга загж́рмуе, чу́каіат нóквите и джéповите, за да би́ле пж́лни сеéдно.

38. Кóга у ку́кьа зéмат да и́граіат ми́сири — кье фáтило гóлем стут.

39. Кóга óди нéкоі на пат и да му ми́не пáтот зáек — би́ло мнóгу лóшо.

40. Кóга óди нéкоі на пат на прáгот на пóртата истýраіат вóда, та кáко шчо тéче вóдата лéсно, тáка и пáтот да му бил лéсен.

41. Кóга іаде нéкоі, ако рóни трóшки — кье глéдал си́раци.

42. Кóга вечéраіат у нéкоіа ку́кьа, ако забóрави нéкоі зáлак на сини́іата — и́мало нéкоі глáден.

43. Тру́дна жéна ако укрáде нéшчо и вéднаж се фáне нéкаде, на и́стото мéсто, дéтето, шчо кье го рóди, кье има бéлег.

44. Кóга нáклава[2]) жéна чу́шки или рáсол, ако е нéчиста[3]), кье се скáпе.

45. Кóга óди дéвоіче на гóсти со рáбота, ако не іа срáботи сéта рáбота, маіка и кье се стóри крáва.

46. Дéте да іáде от кóкошка мóзок не чи́нило — кье му се вж́ртил пáметот.

47. Дéте, до дéка не прозбóруе, ако іаде ри́ба, кье óстане нéмо.

48. Дéте, до дéка не стóри гóдина, да се оглéдуе би́ло грéота.

49. Тру́дна жéна ако се чéшла на заі сж́нце — дéтето кье и зáвогьало[4]).

50. Тру́дна жéна ако іáде бу́брек — дéтето кье и би́де мóдро.

51. Тру́дна жéна ако іáде мóзок — дéтето кье и би́де мж́рсу́лаво.

52. На тру́дна жéна ако и се睡 пречéкорат нóзите, кóга сéди — дéтето кье го рóдила мáчно.

53. У ку́кьа, каі шчо рáнат бу́би, да се пу́ка лис — кье испу́кале бу́бите.

54. Нáвечер кої мóта прéга на клóпче[5]) — кье му се зáмотал кж́смедот.

---

[1]) Скуталето = прѣстилката. [2]) Става, гужда. [3]) Ако има мѣсецъ. [4]) Казва се когато много плаче и си изгуби гласа вече. [5]) Кълбо.

55. У ду́кьан ако се тре́се ма́ша — кье бе́гале мушче́риіте.

56. У ку́кья или ду́кьан ако на̀ідат не́шчо изедено от глу́шец[1]) — било, оти имало илье.

57. У не́коіа ку́кья ако се и́стури ра́киіа — кье и́мало ка́вга.

58. Пра́вна со́фра ко́га стоі у ку́кья не чи́нило — кье се ро́дило де́те без кя̀смет.

59. Да се бо́рави со но́ж у о́гинот не чи́нило — кье има ка́вга у ку́кьата.

60. Же́на расплѐтена ако пие во́да — кье и ока́пела ко́сата.

61. Пя̀рстень да се но́си на сре́гньіот пя̀рс не чи́ни — у́мирала ма́іка.

62. Мо́ма ако но́си пя̀рстен без ка́мче не чи́нило — кье зе́ме сле́по мо́мче.

63. Мо́ма ко́га іа́де и да пе́е — кье зе́ме е́гуптин.

64. У ку́кья, каі што и́ма ку́че, ако зе́ме да вие не чи́нило — не би́ло а́рно за саібиіата.

65. Ко́га ко́лат ко́кошка, ако са́каіат да у́мре по̀-бя̀ргу и да не се ма́чи, забу́нцуіат[2]) но́жот во зе́мьата.

66. Ма́іките, ко́га кье ви́дат со се́фте нови́ната[3]), потсечуіат на кье́рки си ко́сите, та ка́ко шчо ра́сте ме́сечината, та́ка и ко́сата кье им ра́сла.

67. Чо́век, ко́га кье ви́ди со се́фте нови́ната, ако се о́пули у не́кого не чи́нили — кье па́гьал тоі це́лиот ме́сец.

68. Ра́чец[4]) кога кье у́апе не́кого, да се о́тепа ра́чецот и да се ту́ри на у́апеното ме́сто; поми́нуе.

69. Па́ек ко́га у́апе не́кого, да се о́тепа па́екот и да се ту́ри на ра́ната; кье поми́не.

70. У ку́кья ако се и́стури во́да, без да са́каат, пока́жуело оти кье вя̀рнело дож.

71. Ко́га се́ди чо́век со спру́жени[5]) но́зи, ако му ги пречѐкори[6]) не́коі но́зите — не кье ра́стел.

72. На чо́век или же́на ко́га му фа́не но́гата тя̀рпка́вица, да му поми́не, тре́бе да ре́че да и́де тя̀рпка́вицата у тру́дна же́на и да іа наплу́ка ма́лку но́гата.

73. Ко́га о́блечуе не́коі но́ви а́лишча, тре́бе пя̀рво да ги на́стапи со но́га, за он да ги и́скине, а не они не́го.

74. Де́те ко́га кье се у́плаши от не́шчо му плу́каат по ли́цето и му да́ваат да се на́пие во́да, та да му ми́не у́плаот[7]).

75. Ко́га си сто́іат мо́мче и не́веста, да се по́мине поме́гу им, не чи́нило — им се зи́мала ми́лоста.

76. От Бо́жик до Во́дици да се оди на пат не чи́нило, оти не би́ла во́дата кя̀рстена.

77. Попадиіа[8]) да се о́тепа не чи́нило — кье си іа на̀идеш во ле́бот.

78. Ко́нь ко́га іа́ал чо́век, ко́ньот ви́кал: „дя̀рж се, не́ боі се“.

79. Ма́ска ко́га іа́ал чо́век, ма́ската ви́кала: „мо́тика и ло́пата“.

80. Ма́ската е кя̀лната от Го́спода, зато́ва и не ра́гьа.

81. Ма́чка ко́га се ка́чуе на ка́тот да се пе́че — кье фа́нело вре́ме.

82. Утка[9]) ко́га у́та на не́коіа ку́кья не чи́нило — кье се запу́стила ку́кьата.

83. Се́коі чо́век си и́мал по една дзве́зда, шчом ке у́мре чо́векот и дзве́здата му изга́снуела.

84. От Бо́жик до Во́дици на́вечер да ра́ботат же́ните не чи́нило, оти би́ла ле́унка[10]) све́та Богоро́дица.

---

[1]) Мишка. [2]) Забождать. [3]) Новолуние. [4]) Скорпионъ. [5]) Проснати. [6]) Прѣскокне. [7]) Страхътъ. [8]) Стонога. [9]) Кукумявка. [10]) Лехуса.

Digitized by Google

85. Спрéма Вóдици нóкьта на пол нóкь се отвóрала Бóжьа врáта и коі кье іа вйди, шчо да пóсака, кье му дáде Гóспот.

86. Мáлецко дéте кóга рáзлава[1]) прет свет, трéбе сéкоі да го нáплука и да рéче: „да те сéрат кокóшките“, оти се урочýело.

87. Кóга поминуе лйчен кóнь, сéкоі трéбе да рéче: „мáшала“, да не се ýрочи.

88. Кóга вжрне и грее сжнце, бйло оти гьáволот се жéнил.

89. Дéте да іаде óпашка не чйнило — кье го лáіале кучйньата.

90. Нóкье ако му влéзе на чóвека спица не мóжел да іа извади, оти гьáволот се жéнил.

91. Дéвоіче со сéфте кóга пóчнуе да плéте, кье сплéте едно мáлечко чáрапче и кье го фжрли на лéвото кóло на нéкоіа воденица, та кáко шчо се вжрти кóлото сйлно, тáка и рáката да и рáботи бжргу.

92. Мáшко дéте да тýри белéгзиіа[2]) на рáката не чйнило — кье му умйрали кóньите.

93. На мáлко дéте со сéфте кóга кье му óбуіат чáрапи не чйнило да бйдат шáрени, оти кóга кье порáснало кье шáрело[3]).

94. Джрво шчо нé може да си ýзрее рóдот, му тýраат мйалка от чйсти понéделник и пóсле кье ги зрéе.

95. Дéвоіче, да пóзнае на зéнгино или сирóмашко мéсто кье се óмажи, прáват тáка: спрéма пжрви мáрта вéчерта кье си вжрзе на рáката мартйнка, бел и цжрвен кóнец и кье іа нóси до дéка да вйди ластóвиче. Шчом кье вйди кье іа йзвади и кье іа тýри пот нéкоі кáмень и кье рéче до три пáти: „ако сум кжсмéтлиіа — трóшки, ако не сум — мрáви“. Мартйнката кье стоі пот кáменьот, до дéка да си йдат ластовичйньата и пóсле кье іа открііат; ако нáіде трóшки, кье земе зéнгино мóмче, а ако нáіде мрáви — сирóмашко.

96. Лéунка со лéунка да се глéдаат не чйнило, оти дéцата кье им ýмрат.

97. Лéунка со лéунка мóже да се глéдаат, ако си рáзменат пжрстéньето.

98. Кóга óдат по нéвеста, на врáкьанье со невéстата не поминуіат по йстиіот пат — за да бйдат жйви младожéнците.

99. Рáците кóга си глéда чóвек, бйло оти нéкоі го збóруе: ако си іа глéда лéвата рáка го збóруе жéна, а дéсната — маж.

100. Жéна кóга кье óстане трýдна и ако іа прáша нéкоі дáли е трýдна да скрие нечйнило — дéтето кье го рóдила нéмо.

101. Младожéнци пжрвата вéчер кóга кье си лéгнат, ако нéма коі да ги нашлýшуе шчо кье збóруіат — дéцата кье им се рáгьаат глýви.

102. Ýшите кóга кье се запáлат (упалжтъ се и станжтъ червени) на чóвека — го збóруіал нéкоі. Ако се пóгоди тóва на жéна прáват тáка: кье си фáне пжрцелот и крáіот му кье го тýри в ýста, пóсле со йстиіот краі кье обйколат ýвото три пáти и на сéкое кье вйкаат: „ако е áрно, от áрно по-áрно; ако е лóшо, от влáкно по тáнко“.

103. Чóвек кóга кье йзлезе от кýкьата нáдвор, да си йде на рáбота, ако го срéте поп или нéкоі со прáзни стóмни или со дрýго нéшчо прáзно, не било на áрно — кье му бйла цéлиіот ден рáботата на пýсто.

104. Кóга вóдат нéвеста, ако се пóгоди да йде и дрýга по йстиіот пат и кóга кье нáближат, ги покрйваат, да не се вйдат éдна со дрýга, оти ако се вйдат не чйнило — бжргу кье ýмреле. Кóіа по нáпрет кье бйде вйдена, она по бжргу кье ýмре.

---

[1]) Играе безъ да се срами. [2]) Гривна. [3]) Шари, казвать на мжжъ или жена, когато изневѣряватъ.

Digitized by Google

105. Кога венчаваат момче и невеста, свеќите от венчавањето ги оставаат да горат и после гледаат коiа свекьа кье изгори повечку, тоi кье умре побжргу: ако изгори повечку на момчето свекьата, оно кье умре по-напрет, а ако изгори на невестата — она.

106. Да спие човек легнат спрема сжнце не било арно — бжрго кье умрел, оти сите мжртви ги спружуiале[1]) спрема сжнце.

107. Вечерно време да се лула на джрво не било арно, оти навечер се лулале самовилите.

108. У кукьа ако има насадено да расте кралчиче[2]) не било арно — кье се запусти таiа кукьа.

109. На свети Игнат (20 Декемврий) сабаiлината, до дека спиiат ушче децата, бабата или наi старата жена зима една прачка и оди вжрз постелите на децата и ги удара преку iорганот по неколку пати за да растат. Това прават, оти от свети Игнат почнуел денот да наголемуе, та како шчо растел денот, така и децата да растеле.

110. Кога кье иде човек у некоiа кукьа и ако има у таiа кукьа мома, кога кье го поканат да седне, ако каже: „неiкьу, кье си одам, доiдо само да ве видам", или „не сум за седенье, имам работа", тогаi некоi от домакините кье му рече: „е! седни де, да ни седат строiници". Така прават, оти ако не седнел, а си иде, не кье имало да довогьаат строiници за момата.

111. У кукьа, каi шчо има гости, кога кье iа дигаат софрата, ако има ерген, кье го натераат он да ги сбере от софрата лажиците, та кога кье се жени, на свадбата да му се сбираат сватови.

112. Кога кье ги викне кумот со пжрво младожененьето и невестата на гости, на софрата, шчо кье има манджи от пилинья, требело да бидат мажки, та и децата, шчо кье им се рагьаат, кье биле мажки.

113. Кога кье се роди дете, со пжрво ако му iа посипат главата со вино, косата кье му била виткана[3]).

114. Човек, ако наслушуе некаде, каi шчо си зборуiат неколцина, кога кье умрел, на ушите змиi кье имал.

115. На свети Илиiа, на самиiот ден, ако гжрми, кье биле орасите и лешчаните шупливи, а ако биде убаво времето, кье биле убави.

116. Шкраплата[4]) и рачецот[4]) апеле многу и имале зеер, оти се рагьале от мукьукот iаiца на змиите.

**Още стотици книги на дейци родени в географска област Македония може да намерите на:**




# www.strumski.com

Библиотека „Струмски”
е създадена в памет на
загиналите за Родината.




Voivode Dimiter Madjarov before the remains of two comrades in arms killed in the battle of Ferres